# Месечен Информатор на Општина Шуто Оризари

Септември, 2019

*Односи со јавност во Општина Шуто Оризари*

## ***Содржина***:

1. *Улична реконструкција на Индира Ганди крак 31 во Визбегово……………………………………………….………...................................…1*
2. *Поделени 100 училишни ранци со училишен прибор за почетокот на учебната година во О.У. 26 Јули....…………...……………………........………………………………………...2*
3. *Курто Дудуш: Најгорд градоначалник сум што ќе ја имаме најмодерната, европска, енергетски ефикасна детска градинка……………………..............................……......3*
4. *КУРТО ДУДУШ: Нека ни е честит 23-от роденден на Општина Шуто Оризари!..........................................................................................................................5*
5. *Обраќање на Курто Дудуш по повод одбележување на 23 години постоење – Општина Шуто Оризари ………………...... ..........…………………………...……………6*
6. *Ален Умер, Совет на млади на Општина Шуто Оризари: На 23-тиот роденден на нашата општина да говориме за младински политики во Шуто Оризари ……………..7*
7. *Средба со невладини организации за заеднички активности за развој и подобрување на социјалните услуги на локално ниво..........................................................................................................................9*
8. *Обука за Мултикултурна едукација, Културна медијација и Комуникациски вештини со вработени во детската градинка ,,8ми Април”.........................................................11*
9. *Обука за кохезија – градење соработка, транспарентност и одговорност во локалната власт............................................................................................................12*
10. *Ален Умер на OSCE – Human Dimension Implementation Meeting, 2019 во Варшава, Полска...................................................................................................................14*
11. *Обука за застапување и лобирање во рамки на проектот ,, Вклучени и активни млади’’………………………………………….............................................…..…..15*
12. *Пријави проблем ..........................................................................................................16*

# Улична реконструкција на Индира Ганди крак 31 во Визбегово



Општина Шуто Оризари во соработка со град Скопје ја започна реконструкцијата на улица Индира Ганди крак 31 во Визбегово.

Улица Индира Ганди крак 31 е една од најдолгите улици со должина од 1 км.

Градоначалникот Петре Шилегов уште по првиот повик за потребата од улична реконструкција активно се ангажирал за отпочнување со градежните работи, иако улицата не е под директна надлежност на градот Скопје.

Целта на овој проект е да се зголеми безбедноста и да се обнови сегашната улична инфраструктура во Шуто Оризари.

# Поделени 100 училишни ранци со училишен прибор за почетокот на учебната година во О.У. 26 Јули



Проектната активност во рамки на проектот ,, Да им овозможиме успешна настава на децата” е целосно поддржан од НВО Класја добрина и се реализира петта година по ред.

На овој настан присуствуваше Градоначалникот Курто Дудуш, директорот на основното училиште ,,26 Јули” Дритон Ганиу и стручната служба на училиштето кои испратија поддршка при имплементацијата на оваа активност.

Општина Шуто Оризари активно и континуирано поддржува активности кои се во интерес на учениците. Исто така, локалната самоуправа воспоставува соработка и се вмрежува со оганизации кои работат во областа на образованниeто.

# Курто Дудуш: Најгорд градоначалник сум што ќе ја имаме најмодерната, европска, енергетски ефикасна детска градинка



Изградбата на последната фаза на градинката „8ми Април“ во Шуто Оризари е во завршна фаза. На простор од 1200 м2, градинката има сосем нов лик според сите светски стандарди за згрижување на деца од предучилишна возраст. Новиот објект директно ќе помогне на повеќе од 200 семејства, претежно од ромска националност, чии што деца од 2 до 5 години се вклучени на предшколскиот систем.
Истовремено, новиот простор подразбира и зголемување на капацитет за згрижување на уште 50 деца што директно ќе значи и зголемена инклузија на децата – Роми од претшколска возраст.

Според сите светски стандарди и практики за ваков тип на јавни објекти, просторот е целосно прилагоден за нега и згрижување и на деца со попречености кои ќе имаат можност непречено да ја следат наставата во објектот.Изградбата ги следи и препораките за обезбедување на енергетска ефикасност и лесно одржување на просторот.

„Навистина ми драго што сме во завршната фаза од изградба на овој објект за детска градинка во Шуто Оризари и што децата добија современ објект во кој може интерактивно да се вклучуваат и сите заеднички да учат и развиваат . Важно е предучилишното образование да започне што порано за добивање на подобар старт во основно образование Шуто Оризари имаше својата градинка, но сите сме сведоци дека таа пред 4 години изгоре. Пред две години започнавме со изградба благодарение на Норвепкара амбасада која што донираше финансиски средства, а UNDP технички го спроведуваат процесот на градба, Мтсп го опремуваше објектот, така со заеднички сили добивме објект кој ги пресретнува барањата на нашите деца. Очекувам градинката со истиот квалитет да продолжи да функционира и да инвестира во децата” – истакна во своето излагање Мила Царовска.





,, Горд сум денес да сведочам на последните подготовки на првиот капитален објект во нашата општина во висина од 1,000,000 долари, во областа детска заштита. После цели 40тина години, кога беше изградена првата детска градинка, која за жал пред неколку години ја изгубивме во пожар.Најгорд градоначалник сум, што токму во Шуто Оризари ќе ја имаме најмодерната, европска, енергетски ефикасна градинка, прва со зелен кров.Нашите најмали заслужуваат достојни услови за престој во предучилишно образование, кој е првиот чекор за од нив да очекуваме понатамошно вложување во образовниот систем со крајна цел – да станат горди, успешни идни градители на нашето општество.За денес да сме сведоци на овој објект од непроценливо значење за нас, мора да упатиме голема благодарност за главните финансиери на проектот – Норвешкото кралство и координацијата на УНДП во Скопје. Нивната помош не е само во изградбата на објект туку и директна помош во градењето на нови идни генерации. Благодарност и до Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија и до Министерката Царовска, за целосното внатрешно опремување на градинката во висина од 120,000 ЕУР Децата се наша колективна и индивидуална обврска и со овој капитален објект нашите деца ги згрижување во најмодерни и најсовремени услови со што обезбедуваме услови за развој за секое дете во нашата општина.Општина Шуто Оризари во рамки на оваа политичка гарнитура предводена од премиерот Зоран Заев, продолжува да реализира сет на капитални инвестиции, затоа што зборот е збор. Продолжува понатаму, со нов спортски центар од 1,500 м2, детска паркови на цела територија на општината, атмосферска канализација во должина од 5,1 км, реконструкција и изградба на сите носечки крстосници во општина Шуто Оризари. Ромите заслужуваат ист животен стандард како и останатите, продолжуваме понатаму, живот за сите во нашата општина и во нашата држава”- изјави Градоначалникот Курто Дудуш. Финансиските средства за клучните инфраструктурни интервенции во висина од 700.000 долари се целосно обезбедни од Министеството за надворешни работи на Норвешка. Проектот е реализиран од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во земјата.



# КУРТО ДУДУШ: Нека ни е честит 23-от роденден на Општина Шуто Оризари!



По повод 23 години постоење, Општина Шуто Оризари организираше настан на кој учествуваа високи владини претставници, меѓународни мисии, здруженија на граѓани, институции, медиуми и граѓани.

Настанот го отвори Градоначалникот Курто Дудуш кој во своето обраќање зборуваше за тековни и идни проекти.

На настанот се обратија раководителот на локалниот економски развој г-н Срџан Амет, г-н Ѓунер Абдула, кој во изминатите години даде особен придонес во развојот на културата на ромите, директорот на СУГС Шаип Јусуф г-н Доан Сулејмановски, г-н Ален Умер- Претседател на Совет на млади на Општина Шуто Оризари и г-н Енвер Иљаз- претставник на пензионери во Шуто Оризари. Во културно-музичкиот дел учествуваа Театар Рома и Џеркезовци. Настанот заврши со доделување на плакати во знак на признание за придонес во ромската заедница.



# Обраќање на Курто Дудуш по повод одбележување на 23 годнини постоење – Општина Шуто Оризари:



,, Почитувани граѓани, пратеници, министри, невладини организации, медиуми, претставници на дипломатски кор и меѓународни мисии, почитувани пријатели и присутни гости,
Повеќе од две декади вложуваме и се залагаме, за подобра инфраструктура, образование, домување, економски развој и просперитет, во сите сфери за подобра иднина на нашите сограѓани.Заедно и здружено, се залагаме за унапредување и заштита на децата, младите, жените, пензионерите, за сите жители во нашата општина.

Донесовме одлука да им дадеме збор на младите и да ги вклучиме активно во сите процеси за креирање на подобри младински политики преку формирање на локален младински совет за прв пат во нашата општина.Преку Мисијата на ОБСЕ во Скопје, го зајакнуваме младинското учество, ги подржуваме младите и посветено се ставаме во функција на нивните потреби.Заедно создаваме критична маса која го движи нашето општество храбро и напред.Студентите на Општина Шуто Оризари за прв пат добија читална со што овозможуваме пристап до просторни капацитети за учење и ориентираност кон професионална афирмација и напредок.Капацитетите на младите кадри ги инкорпорираме во општинската администрација со што ја поддржуваме нивната транзиција на пазарот на трудот и директно инвестираме во развојот на нашата општина.

Преземаме мерки за подобруваме на инфраструктурата во училиштата, инвестираме во подобра средина за учење преку училишно реновирање, фокусирано работиме на меѓуетничката интеграција за унапредување на мултикултурализмот и толеранцијата меѓу децата.

Ја зголемуваме безбедноста и ја враќаме довербата во институциите преку отворена соработка и отворање на полициско одделение во Шуто Оризари. Ги доближуваме клучните актери за обезбедување на мир до граѓаните.Ги вложуваме

нашите капацитети за вмрежување со пензионерски здруженија и за унапредување на нивниот статус и правата.Досега, инвестиравме во улична реконструкција и продолжуваме да се залагаме за обезбедување на безбедна и модерна улична инфраструктура на тертиторија на целата општина.Продолжуваме со обезбедување на услови за здрав живот преку проекти за изградба на паркови и зеленило. Преку проектот за подобрување на општинските услуги, Министерството за финансии и Светска банка, инвестираме 3 милиони денари во изградба на детски парк со површина од околу 1500 м2 во три зони.

Самоиницијативно, спроведовме безброј еколошки акции за чистење на отпад бидејќи чистата животна средина е сечија одговорност. Како главен иницијатор спроведовме економски форум под мотото : `'Биди фраер и донирај прочистувач,, се поврзавме со мрежа на институции, организации, со бизнис секторот и граѓаните и успеавме да обезбедиме пречистувачи за воздух во детската градинка 8ми Април и во дел од основните училишта на територија на општина Шуто Оризари.

Во тесна соработка со граѓанските здруженија отворивме можност за волонтирање на младите Роми и не-Роми за стекнување знаење преку практика. Од особена важност е да се спомене институализацијата на Центарот за правно зајакнување во Шуто Оризари со што ја олеснуваме комуникацијата меѓу жителите и клучните институции при аплицирање за добивање на детски додаток, образовен додаток, здравствено осигурување и правда пред системот.Со Центарот за правно зајакнување, преземаме мерки за унапредување на здравствените, образовните и социјалните права, бидејќи еднаквиот пристап и квалитетните услуги за сервисирање на потребите на граѓаните се наша заедничка цел.

Во знак на развојот на културата, воспоставивме комуникација и соработка со меѓународни уметници.Се поврзуваме со уметнички друштва и мрежи за размена на искуства, идеи и воспоставување на интеркултурна соработка.

Свесни сме за нашите предизвици кои се големи, но ние остануваме мотивирани и ориентирани кон можности за создавање на подобри перспективи. Почитувани присутни, нашата визија е : ,,Општина Шуто Оризари, се стреми кон позитивни промени. Ние поддржуваме политиката која отвора перспективи за подобрување на социо-економската состојба на најсиромашните.

***Нека ни е честит 23-от роденден на Општина Шуто Оризари!'*** – изјави Градоначалникот Курто Дудуш.

# Ален Умер, Совет на млади на Општина Шуто Оризари: На 23-тиот роденден на нашата општина да говориме за младински политики во Шуто Оризари



На настанот по повод 23 години – Општина Шуто Оризари се обрати Претседателот на Советот на млади на Општина Шуто Оризари, Ален Умер кој во своето излагање нагласи:

,, Почитувани присутни, јас сум Ален Умер, волонтер-претседател на првиот оформен Совет на млади од општина Шуто Оризари, во завршна фаза на моите мастер студии по Дипломатија и денеска ја имам честа на 23-тиот роденден на нашата општина да говорам за младите и младинските политики во Шуто Оризари.

Во минатото, младите од Шуто Оризари, нашиот етникум, имаше изолираност, несигурност, апатија, млади кои служеа само како бројка, кои имаа буквално забетонирани, лимитирани можности да учествуваат во тела за млади, истурени активисти кои беа за потсмев со тоа што беа дел од политичката младина, оставени речиси секогаш на дното на листите со неможност ниту да пристапат кон засегнатата институција за да ги застапат своите интереси. Но сега, во овој момент Шуто Оризари веќе брои млади интелектуалци, високо образовани Роми, млади кои се подготвени да ја направат промената што сакаат да ја видат, млади кои поседуваат добра подлога, со нова димензија, која што дава надеж за подобрување на работите, секако сега веќе и со достапност на општината.

Тука е секако и поддршката и слухот на општината – Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ) кои ни обезбедуваат ефикасни алатки за целосно наше учество во општествениот живот, адресирање на младинските прашања преку интегрирани младински политики со кои би го зајакнале нашето младинско учество како на локално, така и на национално ниво. Сега младите може да бидат, т.е веќе се видени и слушнати, нашиот глас веќе може да стигне до сите канали на политичкото дејствување.

Мојата визија е младите Роми како имаат поголема можност за директно учество, сопствени механизми за решавање на одредени прашања кои се важни и се однесуваат на нас, визија во која се искористува потенцијалот на политичките подмладоци и се добива поголем простор во градењето и подобрувањето на нашата иднина, унапредена еднаквост и третман на младите, како и добивање на пратенички мандат, односно застапеност на млади Роми пратеници под 30 години во пратеничките состави на Собранието.Ние имаме обврска континуирано да грабиме искуство и знаење, да предлагаме квалитетни политики за решавање на нашите проблеми и жестоко да ги браниме нашите ставови, храбро да се соочиме со препреките и да се поддржуваме едни со други.

За крај, би кажал дека сега веќе имаме подготвена младина, младина која гласно ќе ги изрази своите потреби, ќе дава издржани предлози и активно ќе дејствува заедно во градењето на перспективите за напредок, кариерниот развој и квалитетниот животен стандард за наше подобро утре.

Да бидеме гласни критичари, спремни да се соочиме со сите предизвици кои ќе ни ги носи времето во кое нашите генерации ќе бидат тие на кои што ќе падне одговорноста за градење и развој на ова општество, да ја чувствуваме својата моќ и да ја користиме својата привилегија за доброто на заедницата бидејќи ние сме клучот за вистинските промени кои треба да ни се случат.

***Te arakha amari komuna, soske tani jekhutni ko sasto sumnal.Te ovel amengje Bahtalo o 23-to Bersh e Komunakoro ! "***

– нагласи во своето обраќање Ален Умер

# Развој и подобрување на квалитетот на социјалните услуги на локално ниво



Во врска со објавениот повик за подобрување и развој на социјалните услуги, Општина Шуто Оризари оствари средба со неколку невладини организации за дефинирање на приоритети и спроведување на заеднички понатамошни активности. На средбата беше присутен Градоначалникот Курто Дудуш и Претседателот на совет на Шуто Оризари Фатима Османовска кои со неколку невладини организации разговараа за случаи од терен кои можат да бидат решени преку овој проект.

Целта на проектот е развој и подобрување на квалитетот на социјалните услуги во локалните заедници, согласно потребите на граѓаните и зголемување на пристапот до социјалните услуги наменети за ранливи групи на граѓани, постари лица, лица со попреченост и други лица.



Грантовите ќе бидат финансирани од Министерството за труд и социјална политика и ќе бидат насочени кон развој на услуги што ќе ги обезбедуваат општините или во соработка со други даватели на услуги. Сретствата од грандот ќе бидат наменети за воспоставување на услугата и финансирање на услугата по корисник по утврдена цена на услигата во наредните 12 месеци.
На општините ќе им биде обезбедена техничка поддршка за проценка на потребите и побарувањата на социјалните услуги на локално ниво.
На средбата беше посочено дека потребно е дефинирање на приоритети на локално ниво за да се добие претстава за поголемата слика на ромите и останатите жители од Општина Шуто Оризари. Исто така, невладините организации истакнаа дека законските регулативи треба одговараат на потребите на граѓаните, но и граѓаните мора да го научат ,,лавиринтот ” во нашата администрација и да се оспособат за самостојно барање на пристап до нивните права.

# Обука за Мултикултурна едукација, Културна медијација и Комуникациски вештини со вработени во детската градинка ,,8ми Април"



Општина Шуто Оризари за прв пат во просториите на локалната самоуправа организира работилница наменета за вработените од детската градинка ,,8 -ми Април", на тема ,, Мултикултурна едукација, културна медијација и комуникациски вештини".

Обучувач на работилницата е г-дин Срџан Амет кој има долгогодишно искуство и компетенции во испорачување на обуки за институционален, организациски развој и менаџмент.

Воедно, на работилницата се обрати Претседателот на совет на Општина Шуто Оризари, г-ѓа Фатима Османовска, која во своето излагање напомена дека општината го поддржува работењето на градинката и е отворена за понатамошна соработка.

Обуката започна со вовед во мултикултурно образование и интер-културна комуникација, бариери во интер-културна комуникација, улога и цели во интеркултурното образование.

Тренингот заврши со насоки за стекнување на клучни компетенции за воспитувачи, негувателки и наставници и со конкретни насоки и модели на интеркултурна комуникација.

## Обука за кохезија – градење соработка, транспарентност и одговорност во локалната власт



Општина Шуто Оризари учествува на обука за обезбедување кохезија – градење соработка, транспарентност и одговорност во локалната власт. Обуката започна со имплементација во четврток (26.09.2019), а заврши во сабота (28.09.2019) во Струга, во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.
Настанот го отворија Амбасадорот на Мисијата на ОБСЕ – Клеменс Која и Крис Хеншоу – директор на НДИ Северна Македонија (National Democratic Institute – North Macedonia).
Преку овој семинар локалните самоуправи ги подобруваат своите капацитети и стекнуваат нови вештини за градење на соработка, транспарентност и одговорност преку одговорна комуникација за подобра успешност, тимска работа, партиципативно буџетирање, вклучување на заедницата и поставување на критериуми.
Локалните самоуправи заедно дискутираат за процесите на носење одлуки, за нивните улоги, одговорности во процесот, начините на соработка и донесување

на одлуки со консензус. Тие работат на изнаоѓање начин за поефективно спроведување на политиките во пракса.

Обуката за обезбедување кохезија – градење соработка, транспарентност и одговорност во локалната власт ќе заврши утре со изготвување на акциски планови и планирање на идни обврски.

На овој настан учествува Градоначалникот на Општина Шуто Оризари Курто Дудуш, Претседателот на Општинскиот Совет Фатима Османовска, Срџан Амет – раководител на локален економски развој, Ерхан Фејзов – советник за локален економски развој, Рамиза Сакип – советник за образование и советниците на локалната самоуправа.

# Ален Умер на OSCE – Human Dimension Implementation Meeting, 2019 во Варшава, Полска




Ален Умер, Претседател на Совет на млади на Општина Шуто Оризари учествуваше на настан организиран од ОБСЕ со тема Human Dimension Implementation Meeting во Полска, Варшава. Настанот се одвиваше во повеќе сесии : Меѓународна средба за контакт со Ромите, Ромска и Синти младинска иницијатива, младите како агенти за промена, Роми и Синти во јавниот и политички живот и домување -услови за живеење, особено поврзано со ситуацијата на присилно иселување и сегрегација на Ромите и Синтите.
Ален Умер во првата сесија и во втората сесија ги пренесе клучните проблеми со кои се соочуваат Ромите во Северна Македонија, даде препораки за нивно решавање,и одржа говор за младинско учество на Ромите и Синтите во јавниот и политичкиот живот. Тој ги опиша предизвиците, проблемите, напредокот, добрите примери и препораките со кои би се зајакнало политичкото учество на младите Роми и Синти на меѓународно ниво.
Целите на третата и четвртата сесија беа фокусирани на специфични чекори кои ги преземаат неодамна државите-членки на ОБСЕ со цел да се решат предизвиците со кои се соочуваат Ромите и Синтите, вклучително и жени и млади, зајакнување на нивното учество во јавниот и политичкиот живот и специфични чекори кои ги преземаат државите-членки на ОБСЕ во процесот на воспоставување и спроведување на механизми и институционални процедури за разјаснување на правата на сопственост и регулирање на неформалните населби.

Во последните две сесии Ален ја опиша моменталната состојба и предизвиците со кои се соочуваат Ромите и Синтите на интернационално ниво и даде клучни препораки упатени кон ОБСЕ пропатно со Акциониот план на ОБСЕ за подобрување на состојбата на Ромите и Синтите и ги опиша условите во кои Ромите и Синтите живеат и какво влијание имаат истите врз нив, ја опиша моменталната состојба и добри примери од општината Шуто Оризари, како и препораки со кои домувањето би се подобрило. Тука имаше и осврт кон неодамнешните настани на Ромите во Европа со присилното иселување на Ромите и Синтите, како и механизми за нивно решавање.

## Обука за застапување и лобирање во рамки на проектот „ Вклучени и активни млади''




Општина Шуто Оризари во рамки на проектот Вклучени и активни млади и во знак на поддршка на процесот за креирање на локална младинска стратегија учествува на обука за застапување и лобирање, организирана од Младински образовен форум.

На обуката се работеше на анализа на засегнати страни, креирање на пораки и беа разгледани можни механизми за имплементирање на стратегијата на локално ниво.

Општина Шуто Оризари активно учествува и го поддржува процесот на креирање на младинска стратегија и се стреми кон обезбедување на квалитетен финален продукт од овој проект.

Се поврзуваме со нашите сограѓани преку:







